# Права на субјектот на лични податоци

Со овој документ, ние како Контролор на лични податоци Трговско друштво за производство, трговија и услуги Кузманоски Милчо МИЛКУЗ с.Белчишта Дебарца ДООЕЛ (во понатамошен текст Милкуз), со седиште: Населено место без уличен систем бр.1 Белчишта, Дебарца, со електросннка пошта meri_kuzmanoska@hotmail.com – овозможуваме информации за обработката на личните податоци и Вашите права поврзани со оваа обработка.

**Нашата визија за заштита на личните податоци:**

Заштитата на приватноста и доверливоста на податоците на клиентите е од најголемо значење за Милкуз притоа земајќи ја предвид и природата на работењето како и податоците коишто се прибираат при нивното тековно работење.

**Цел на обработување на личните податоци:**

Наша цел е да Ви го обезбедиме нарачниот продукт. Ние, исто така, може да ги користиме информациите што ги собираме и чуваме за и од Вас за да ни помогне да ги водиме и подобриме услугата спрема клиентот. На пример, дадените информации може да и помогнат на Милкуз да:

- Ви обезбеди најдобра услуга
- добиваме извештај за тоа колку се квалитетни нашите услуги
- се испитуваат поплаки, правни тврдења и несаканите инциденти
- ги задоволат потребите на клиентите во иднина

**Опис на целта на обработувањето:**

Милкуз собира, чува и обработува лични податоци што клиентите ги откриваат или веќе ги откриле на  Милкуз, како и потенцијалните и / или постојни клиенти и генерално, лицата кои вршат деловни активности со Милкуз.

Примарен извор на лични податоци на Милкуз се оние лични податоци кои субјектите самите ги имаат дадено на Милкуз, при пополнување на образецот за достава/набавка на продукти (во случај на клиенти). Напоменуваме дека Милкуз обработува лични податоци единствено во обем којшто е неопходен за целите на обработката.

**Правен основ за обработка на Вашите лични податоци:**

- **Исполнување на законска обврска** - Вашите лични податоци ги обработуваме заради законски обврски (пример обврска за чување на персоналното досие на вработените).

- **Исполнување на договорна обврска** - Вашите лични податоци ги обработуваме и заради исполнување на договорните обврски кои произлегуваат од Договорот за вработување и заради исполнување на други договорни обврски кои произлегуваат од некој друг комерцијален Договор, но во рамки на прописите утврдени во Законот за заштита на лични податоци и неговите подзаконски акти.
- **Легитимен интерес на компанијата** – Легитимниот интерес прозилегува од меѓусебен облигационен однос, со цел на негова реализација
- **Изјава за согласност -** Обработката на Вашите податоци, ако не е со законски основ можеме да извршиме само врз основа на Ваша дадена изречна согласност. Во тој случај ќе превземеме соодветни мерки, за благовремено, на транспарентен, разбирлив и лесно достапен начин да Ве известиме за целта на обработката за која ни е неопходна Вашата согласност за да можете да донесете информирана одлука за тоа дали сакате да ни ја дадете согласноста. Дополнително ќе бидете известени за Вашите законски права, како и начинот на повлекување на дадената согласност врз основа на Законот за заштита на личните податоци.

**Категории на лични податоци кои ние ги обработуваме:**

- **Вработување**: име и презиме, датум на раѓање, ЕМБГ, место на раѓање, адреса на живење, државјанство, пол, степен и вид на образование, националност, трансакциска сметка, емаил адреса, телефонски број за контакт - Правен основ за обработување на овие податоци е исполнување на законска обврска која произлегува од Законот за работни односи.
- **Пријави за вработување**: име, презиме, датум на раѓање, место на раѓање, адреса на живеење, државјанство, пол, ЕМБГ, степен и вид на образование, работно искуство, емаил адреса, телефонски број за контакт – Правен основ за обработување на овие податоци е исполнување на законска обврска која произлегува од Законот за работни односи.
- **Користење на нашата веб страна (системски логови):** времетраење на посетата, видот на уредот што се користи, видот на прелистувачот што се користи (browser), видот на опреативниот систем (OS), веб страниците кои се прегледани, IP адресата, јазикот на кој прелиствате, географска локација, внатрешна резолуција на прозорецот на пребарување, активирање на JavaScript, Java вклучено/исклучено, колачиња вклучени/исклучени, длабочина на боја, Референтен URL, кликнувања - Правен основ за обработување на овие податоци е Ваша согласност при посета на веб страната (прифаќање на задолжителните колачиња).
- **Користење на контакт делот на нашата веб страна:** Вашето име, меил адреса и вашата порака.
- **Деловна соработка со компании:** Име и презиме, контакт податоци и тековна состојба на правно лице. Правен основ за обработување на овие податоци е исполнување на договорна обврска.

**Права на Корисниците- субјекти на лични податоци**

Субјектите на личните податоци имаат право да:
- бидат информирани за обработката на нивните лични податоци
- да пристапат до нивните лични податоци и
- да ги дополнат, изменат, избришат или да бараат запирање на користењето на нивните лични податоци.
Во продолжение, следува детално појаснување во однос на овие права:

- Во фукнција на транспарентност, Милкуз има обврска да го извести корисникот за целите и правната основа на обработката на неговите лични податоци
- Секој корисник има право да пристапи до своите лични податоци

Барањето за пристап до податоците се доставува до писмена форма до седиштето на Милкуз или се пополнува на на некој од дигиталните канали (како што е контакт формата на веб страната) на Милкуз.

Милкуз е должен да одговори на корисникот во рок од 15 дена од денот на примеот на барањето, при што нема обврска повторно да одговори на исто или слично негово барање, ако во меѓувреме нема промени во неговите лични податоци, освен ако изминале шест месеци од денот на доставувањето на претходното барање до новото барање.

Доколку коринсикот не добие одогвор на барањето за пристап до лични податоци, може да поднесе барање за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци пред Агенцијата за заштита на личните податоци.

Корисникот има право да бара дополнување, изменување, бришење или запирање на користењето на неговите лични податоци.

По барање на корисникот, Милкуз е должен да ги дополни, измени, избрише или да го запре користењето на личните податоци, ако податоците се нецелосни, неточни или неажурирани и доколку нивната обработка не во согласност со закон. Независно од тоа дали корисникоот има поднесено барање за дополнување, изменување или бришење на личните податоци, доколку Милкуз утврди дека личните податоци се нецелосно, неточни или неажурирани, должен е истите да ги дополни, измени или избрише.

Милкуз е должен најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето, писмено да го извести субјектот на лични податоци за направените промени.

**Рок на чување на вашите лични податоци:**

Должината на времето кога ги чуваме Вашите информации зависи од тоа за каков вид на информации станува збор.

Сите податоци поврзани со вработените се чуваат согласно барањата на Законот за работни односи и Законот за архивско работење, односно во временски рок од 45 години.

Сите извештаи за вработени како што се дисциплински и истраги се чуваат 3 години по завршување на работниот однос.

Поплаките кои ги даваат корисниците се чуваат 3 години.

Податоците добиени од потрошувачите или други клиенти преку потпишување на договор се обработуваат за времетраење до исполнување на облигациите од тој договор и се бришат најдоцна 1 година по исполнување на сите права и обврски кои произлегуваат од тој договор.

Сите добиени согласност од страна на субјектите на личните податоци се чуваат 6 години или до повлекување од страна на субјектот на личните податоци.

Ние ја чуваме нашата евиденција барем за минималниот наведен потребен период на задржување.

**Категории на обработувачи на кои би можеле да пренесеме лични податоци:**

- **Друштва за осигурување Сава осигурување (со седиште: Загребска бр. 28А, 1000 Скопје) –** со цел реализација на права од приватно осигурување на

вработените (здраствено, пензиско или друг тип на осигурување) како и за осигурување на службените возила на Контролорот;

- **Министерство за економија (со седиште: Јуриј Гагарин 15, Скопје 1000)**, со цел редовна комуникација со Секторот за заштита на потрошувачите
- **Управата за јавни приходи (со седиште бул. Кузман Јосифовски-Питу бр.1, 1000 Скопје)**, со цел плаќање даноци остварени од вршење на дејноста
- **Банки и други финансиски институции Прокредит Холдинг (со седиште: Манапо бр.7 1000 Скопје), Унибанка Скопје (со седиште: Максим Горки бр. 6, 1000 Скопје, Македонија) –** со цел комуникација и регулирање на должничко-побарувачки односи меѓу клиенти и Милкуз и вршење на сметководствени работи поврзани со вработените на Милкуз
- **Министерство за внатрешни работи**, (**со седиште ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје)** во случај на безбедносни инциденти поврзани со потрошувачи, вработени или други лица кои би можеле да бидат вклучени во безбедносни инциденти
- **Агенција за заштита на личните податоци (со седиште бул.„Гоце Делчев"бр. 18),** во случај на безбедносни инциденти со протекување на информации на вработени или корисници
- **Нотари, извршители или адвокати**, во случаи на потреба од правна помош
- **Државен санитарен и здравствен иснспекторат (со седиште Михаил Зонков бб-Скопје)**, со цел на достава на детали поврзани со извршена или планирана инспекција
- **Носители на јавни овластувања**, Со цел спроведување на законот, под одредени околности, од Компанијата може да се бара да ги открие Вашите лични податоци доколку тоа го бара со закон или како одговор на валидни барања од јавните органи (на пример, инспекциски служби, суд, обвинителство или друг надлежен орган).

Компанијата може да ги открие вашите лични податоци доколку таквата акција е неопходна за:

- **Усогласување** со некоја законска норма
- **Спречување или истражување на можни грешки** при давањето на услугите од страна на компанијата
- **Заштита на личната безбедност** на корисниците на услугата или на јавноста

**Обработувачи на податоци кои можат да имаат пристап до личните податоци**

- Агенции за наплата на побарувања - со цел вршење на услуги за наплата на побарувања во должничко-доверителски односи со потрошувачи
- Маркетинг агенции – со цел вршење на активности со цел реализација на маркетинг активности, за информирање на потрошувачи за нови продукти и новости поврзани со Милкуз
- Надворешни изведувачи на ИТ услуги - со цел вршење на услуги за одржување на системите, администрација и развој на системи и апликации, кои би можеле да имаат пристап до согласностите на потрошувачите или до податоци на вработените
- Сметководители - со цел извршување на активности од обласа на смеководството, давање примања на вработени, плаќање на должности и давачки.
- Надворешни даватели на услуги поврзани со архивирање на податоци со цел водење на архивата кои може да имаат податоци за вработени или за клиенти

| |
|---|
| • Компанија која врши достава на нарачани продукти |
| **Извори на лични податоци:** |
| Ние ги добиваме личните податоци директно од Вас. |
| **Автоматско одлучување врз основа на личните податоци:** |
| При обработка на личните податоци не се случува автоматско одлучување. |
| **Кои се Вашите права ?** |
| Со цел да ги остварите Вашите права кои произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци (право на пристап, корекција, бришење, ограничување на обработката на Вашите лични податоци, приговор и преносливост), упатете барање на електронската адреса на офицерот за заштита на личните податоци: meri_kuzmanoska@hotmail.com<br>Доколку сметате дека е повредено некое Ваше право за заштита на личните податоци, имате право да поднесете барање за утврдување на прекршување на прописите за заштита на личните податоци пред Агенцијата за заштита на личните податоци како надлежен орган за вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија. |